201909601207

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ

Се прогласува Законот за управни спорови,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 25 февруари 2019 година.

Бр. 08-1579/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# ЗАКОН ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ

## 1. Основни одредби

### Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредуваат надлежноста, составот на судот и постапката во која се решава во управните спорови и извршувањето на донесените судски пресуди.

### Цел на законот

Член 2

Во управен спор се обезбедува судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица против поединечни управни акти и дејствија на јавните органи во согласност со овој закон.

### Предмет на управниот спор

Член 3

Во управен спор судот одлучува за:

1) законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот,

2) законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законскиот рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот (управен спор за молчење на администрацијата),

3) законитоста на актите на јавните органи донесени во прекршочна постапка,

4) законитоста на конечните поединечни акти донесени во изборна постапка, при што се применуваат одредбите одна овој закон, освен ако поинаку не е определено во Изборниот законик,

5) законитоста на конечните поединечни акти со кои се одлучува за избор, именување и разрешување на носители на јавни функции донесени од Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, како и органите на единиците на локална самоуправа,

6) законитоста на поединечните акти на јавните органи со кои е повредено некое право, обврска или правен интерес на тужителот, а против кои не е дозволено изјавување на редовно правно средство и не е обезбедена правна заштита во друга судска постапка,

7) судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините во градот Скопје и градот Скопје и за споровите настанати за судир на надлежностите меѓу општините, и градот Скопје, општините во градот Скопје и јавните органи ако тоа е предвидено со закон, доколку со Уставот на Република Македонија или законите не е предвидена поинаква судска заштита.

8) споровите кои произлегуваат од постапката за склучувањето на управните договори.

9) законитоста и границите на овластувањето на јавниот орган кој одлучувал согласно слободна оценка – дискреционото право,

10) законитоста на управниот акт на јавен орган во постапка по приговор против реални акти или нивно пропуштање.

**Дефиниции**

Член 4

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) „јавен орган“ претставува Собранието на Република Македонија, претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, министерствата, другите органи на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје.

2) „заинтересирано лице“ е секое физичко или правно лице на кое поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејствие му штети на некое негово право или правен интерес.

3) „конечен управен акт“ е оној поединечен управен акт против кој не може да се изјави жалба според прописите кои ја уредуваат управната постапка.

4) „модел одлука“ е одлука која ја донесува Управниот суд во случаи кога ќе му бидат поднесени тужби против повеќе управни акти во кои правата и обврските на тужителите се засноваат на еднаква или слична фактичка состојба и имаат ист правен основ. Управниот суд задолжително ја донесува модел одлуката по одржување на расправа и ја објавува како сентенца на судска пракса на судот.

5) „модел постапка“ е постапка која ја спроведува Управниот суд во случаи кога ќе му бидат поднесени тужби против повеќе од 20 управни акти во кои правата и обврските на тужителите се засноваат на еднаква или слична фактичка состојба и имаат ист правен основ.

6) „управен акт“ е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување или други акти утврдени со закон

7) „управно дејствие“ е донесување на управни акти, склучување на управни договори, заштита на корисниците на јавни услуги и услуги од општ интерес, како и преземање на други управни дејствија во управните работи согласно закон.

8) „управен договор“ е двостран правен акт склучен помеѓу јавен орган и физичко или правно лице чиј предмет е вршење на јавна служба или пружање јавни услуги на граѓаните од надлежност на јавниот орган. Управни договори се концесиските договори, договорите за јавни набавки кои се од јавен интерес, договорите за вршење јавна служба, договорите за изведување јавни работи или вршење јавни услуги од надлежност на јавниот орган и други договори кои според содржината на предметот судот ќе ги определи како управни договори.

**Враќање на ствари како предмет на управен спор**

Член 5

Во управниот спор може да се бара и враќање на одземените предмети, пари и други противправно одземени ствари кога тоа е утврдено со закон.

**Исклучоци кога не може да се води управен спор**

Член 6

(1) Управен спор не може да се поведе во работи во кои судската заштита е обезбедена вон управен спор.

(2) Управен спор не може да се води за правилната примена на слободна оценка од страна на јавен орган (дискреционо овластување) при донесувањето на поединечен управен акт, но може да се води за законитоста на таквиот акт и границите на таквото овластување.

(3) Управен спор не може да се води против поединечен управен акт со кој се одлучувало за прашања на постапката, туку таквиот акт може да се побива со тужба против поединечниот управен акт со кој е одлучено за главната работа, ако со закон не е поинаку определено.

**2. Основни начела**

**Начело на законитост**

Член 7

Согласно со начелото на законитост, судот одлучува во управен спор врз основа на Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија, водејќи грижа за конзистентност на своите одлуки, преку што се обезбедува правна сигурност и еднаква примена на законите.

**Начело на сослушување на странките**

Член 8

Согласно со начелото на сослушување на странките, пред да ја донесе својата одлука, судот ќе им овозможи на странките да се произнесат во врска со наводите во тужбата и одговорот на тужбата, како и за сите факти и правни прашања изнесени во управниот спор, освен во случаите определени со закон.

**Начело на усна расправа**

Член 9

(1) Согласно со начелото на усна расправа, судот по правило, ќе донесе одлука во управен спор врз основа на јавна, непосредна и усна расправа.

(2) Судот може да одлучи во управен спор без одржување на расправа само во случаите утврдени со овој закон.

**Начело на контрадикторност и пропорционалност**

Член 10

(1) Согласно начелото на контрадикторност, судот на странките ќе им овозможи да се произнесат за наводите и предлозите на спротивната страна.

(2) Согласно начелото на пропорционалност, судот на странките ќе им овозможи да ги остварат и заштитат своите права и правни интереси, доколку истите не се на штета на правата и правните интереси на другите странки или трети лица и не се на штета на јавниот интерес утврден со закон. Кога на странките во постапката им се наложуваат обврски, судот е должен да ги примени дејствијата кои се поповолни за странките, ако таквите дејствија се доволни за да се постигне целта утврдена со закон.

**Начело на ефикасност**

Член 11

Согласно со начелото на ефикасно работење, судот ќе ја спроведува постапката брзо, без употреба на непотребните дејствија и трошоци и ќе ја донесе својата одлука во разумен рок, односно најдоцна во рок од девет месеци од денот на доставување на списите или создавање на услови за одлучување по тужбата.

**Обврска за соработка со судот**

Член 12

Сите судови и јавни органи се должни на судот во управен спор да му обезбедат неопходни податоци, списи за работа, правна и друга помош.

**Задолжителност на судските одлуки**

Член 13

Правосилната пресуда на судот е задолжителна за странките и за нивните правни следбеници како и за јавните органи.

**Соодветна примена на одредбите од други прописи**

Член 14

(1) За прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

(2) Одредбите од законот со кој се уредува употреба на јазиците во Република Македонија соодветно се применуваат и во управниот спор.

**3. Организација и состав на судот**

Член 15

(1) Управниот суд одлучува во прв степен во управен спор, освен ако поинаку не е уредено со закон.

(2) Вишиот управен суд, одлучува по жалби против пресудите на Управниот суд и решенијата на Управниот суд против кои е дозволена жалба, а во прв степен и за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката, општините и градот Скопје, меѓу општините во градот Скопје и градот Скопје, меѓу општините, градот Скопје, општините во градот Скопје и јавните органи ако тоа е утврдено со закон.

(3) Врховниот суд одлучува за судир на надлежностите меѓу Управниот суд и друг суд, како и меѓу Вишиот управен суд и друг суд.

Член 16

(1) Во управен спор во прв степен, судот одлучува во совет од тројца судии, или како судија поединец, во случаите од став (2) на овој член определени со овој член.

(2) Судија поединец одлучува во управен спор во прв степен во спорови чиј предмет изразен во парична вредност не го надминува износот од 10.000 евра во денарска противвредност или спорови во кои се оспорени само процесни дејствија во постапката на донесување на управниот акт.

(3) За исполнетоста на условите од став (2) на овој член, и за доделување на предметот на судија поединец, со решение одлучува советот .

(4) Судија кој нема две години судиски стаж не може да постапува како судија поединец.

(5) Предмет за кој е спроведена усна расправа пред совет, не може да се додели на понатамошно одлучување на судија поединец.

(6) Против решението од ставот (3) на овој член, не е дозволена жалба.

(7) Управниот суд за законитоста на конечните поединечни акти донесени во изборна постапка одлучува во совет од тројца судии.

Член 17

Вишиот управен суд одлучува во совет од тројца судии.

Член 18

Врховниот суд одлучува за судирот на надлежност во совет од петмина судии.

**4. Странки во управен спор**

Член 19

Странки на управниот спор се тужител, тужен и заинтересирано лице.

**Тужител**

Член 20

Тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

**Тужител во управен спор кој нема својство на правно лице**

Член 21

(1) Државен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво здружение или заедница на граѓани, кои немаат својство на правно лице, може да поведат управен спор доколку се носители на права и обврски за кои се одлучува во управна постапка.

(2) Тужба за управен спор може да поднесе и синдикална организација во случај кога смета дека одреден управен акт е спротивен со некое право или директен интерес на некоја нејзина членка.

(3) Во случај кога со одреден управен акт се повредени одредени права или интереси на физичко лице кое е член на здружение кое согласно со неговите правила е обврзано да ги штити правата и интересите на неговите членови, ова здружение може во координација со тој член и во негово име да поведе управен спор против тој управен акт.

**Тужен**

Член 22

(1) Тужен е јавниот орган чиј акт или дејствие се оспорува.

(2) Тужениот од став (1) на овој член во управен спор е застапуван од одговорното лице или службено лице овластено од него.

(3) Доколку во управниот спор се оспоруваат дејствија на јавните органи, во постапката ќе се употребуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на оспорување на управниот акт.

**Заинтересирано лице**

Член 23

(1) Заинтересирано лице е секое физичко или правно лице на кое поништувањето, укинувањето или изменувањето на оспорениот акт или дејствие му штети на некое негово право или правен интерес.

(2) Се додека постапката во прв степен во управен спор не е завршена, судот по службена должност или по предлог на странките ќе го повика заинтересираното лице да се вклучи во постапката.

(3) Судот без одложување ќе ги извести странките за вклучувањето на заинтересираното лице во управниот спор.

(4) Заинтересираното лице во управен спор има положба на странка.

## 5. Поведување на управен спор

### Причини за тужба

Член 24

(1) Управен спор се поведува со тужба.

(2) Тужбата може да се поднесе:

- доколку управниот акт е донесен од ненадлежен орган;
- поради погрешна примена на материјалното право;
- кога во постапката која му претходела на актот не се постапило според правилата на постапката;
- поради недонесување на управен акт во управна постапка во законскиот рок од страна на јавниот орган;
- поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба во постапката која му претходела на актот;
- поради причини заради кои управниот акт може да се прогласи за ништовен или
- поради повреда на постапката за склучување на управниот договор.

(3) Со тужбата може да се бара:

- поништување на поединечен управен акт или негово огласување за ништовен;
- донесување на поединечен управен акт кој не е донесен во пропишаниот рок или
- преиначување на поединечниот акт.

(4) Во случаите од ставот (3) алинеи 1 и 2 на овој член, со тужбата може да се бара судот на одлучи за правото, обврската или правниот интерес на странката.

(5) Кон главното барање, со тужбата може да се бара и враќање на ствари или надомест на штета која ја причинил тужениот.

(6) Управниот спор се смета за поведен со денот на поднесување на тужбата во судот.

### Содржина на тужбата

Член 25

(1) Тужбата мора да биде разбирлива и да содржи:

1) Назив на судот пред кој се поднесува,

2) Лично име, односно назив и адреса, односно седиште на тужителот со единствен матичен или даночен број, како и е-меил адреса и контакт телефон на тужителот,

3) Назив на тужениот,

4) Наведување на оспорениот акт, односно управен договор или опис на бараното дејствие,

5) Вредноста на предметот на спорот,

6) Тужбено барање,

7) Обем во кој се оспорува поединечниот управен акт, дејствието или управниот договор (целосно или делумно),

8) Причини за поднесување на тужбата во врска со главната работа и споредните барања,

9) Факти и докази на кои е засновано тужбеното барање,

10) Потпис на тужителот,

11) Доказ за платена судска такса.

(2) Ако со тужбата се бара враќање на предмет или надомест на штета, се наведува и барањето во поглед на предметот или висината на претрпената штета.

(3) Оригиналот или заверениот препис од оспорениот акт, управниот договор или доказ за постоење на актот треба да бидат приложени кон тужбата. Во случај кога се поведува управен спор поради недонесување на акт или непреземање на дејствие во пропишаниот рок, доказите за времето на поведување на управната постапка или поднесување на барањето треба да бидат приложени кон тужбата.

(4) Тужбата и прилозите се поднесуваат во најмалку три примероци.

**Рок за поднесување на тужба**

Член 26

(1) Тужбата се поднесува до судот во рок од 30 дена од денот на доставување на оспорениот акт на странката, освен во случаите определени со овој закон.

(2) Кога се поведува управен спор поради недонесување на одреден акт во пропишаниот рок (молчење на управата), тужбата се поднесува во рок од 30 дена по истекот на законски утврдениот рок за донесување на актот.

(3) Кога актот не и бил доставен на странката во согласност со пропишаните правила за достава, тужбата може да биде поднесена во рок од 30 дена од моментот кога странката дознала за одлуката, но не подолго од една година од денот на донесување на актот.

(4) Доколку упатството за правно средство погрешно пропишува дека не е дозволена тужба, тужбата може да се поднесе во рок од 30 дена од моментот кога странката дознала или можела да дознае за можноста да се поднесе тужба, но не подолго од три години од денот на доставувањето на решението.

**Поднесување на тужбата до судот**

Член 27

(1) Тужбата може да се поднесе непосредно до судот во писмена форма, по пошта или преку електронски средства.

(2) Кога тужбата е испратена како препорачана пратка, датумот на достава во поштата се смета за датум на поднесување на тужбата во судот.

(3) Тужбата поднесена преку електронските средства ќе се смета дека е поднесена во оној момент кога таа ќе биде забележана на серверот за излезни електронски пораки. Таквата тужба ќе биде потврдена со електронски потпис во согласност со закон. Судот без никакво одлагање преку електронските средства, ќе го потврди приемот на тужбата.

(4) Тужбата ќе се смета дека е навремена и кога е поднесена во рокот од член 26 став (4) од овој закон до ненадлежен суд.

(5) За лицата кои извршуваат воена обврска во Армијата на Република Македонија утврдена со закон, денот на предавањето на тужбата на воената единица, односно на воената установа или на штабот, се смета како ден на предавање на судот.

(6) Одредбата на ставот (5) на овој член се применува и на воени и цивилни лица во служба во Армијата на Република Македонија, односно во воените установи или во штабовите на места во кои не постои редовна пошта.

**Одложно дејство на тужбата**

Член 28

(1) Тужбата, по правило, не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

(2) По барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

(3) По секое барање за одлагање на извршување на оспорениот акт, судот донесува решение најдоцна во рок од седум дена од приемот на барањето.

## 6. Времени мерки

Член 29

(1) Судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета.

(2) Судот одлучува за времените мерки со решение.

(3) Против решението за времена мерка дозволена е жалба.

(4) Тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

(5) На барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица.

(6) Тужителот поради причините наведени во став (5) на овој член може да бара и донесување на времени мерки за времено регулирање на состојбата во врска со спорниот правен однос, доколку се докаже веројатноста за таквата потреба, особено во постојните правни односи.

(7) За донесување на времената мерка од ставот (6) на овој член судот одлучува во совет.

(8) Судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со решение кое треба да биде образложено. Судот може донесувањето на времената мерка да го услови со давање на гаранција за штетата која со нејзиното изрекување би можела да настане за спротивната страна.

(9) Против решението од став (8) на овој член, странката може во рок од три дена да поднесе жалба до Вишиот управен суд. Вишиот управен суд одлучува по жалбата во рок не подолг од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

## 7. Постапување на судот по тужбата

### Постапување на судот по примањето на тужбата

Член 30

(1) По приемот на тужбата, судот испитува дали тужбата е дозволена, дали е поднесена од овластено лице и дали е благовремена.

(2) Судот испитува и дали е надлежен да постапува по тужбата, дали тужбата е уредна и дали се исполнети условите за водење на управен спор.

### Оценка на уредноста на тужбата

Член 31

(1) Доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став (1) од овој закон или е нејасна, судот ќе побара тужителот да ги отстрани таквите недостатоци во одреден временски рок што судот ќе го определи, и истиот ќе биде опоменат за последиците од непостапување согласно напатствијата на судот.

(2) Доколку тужителот не ги отстрани недостатоците во одредениот рок, а природата на недостатоците го спречува судот во постапувањето по предметот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен во случај кога ќе утврди дека оспорениот управен акт или договор е ништовен.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член е дозволена жалба, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Оценка на претпоставките за водење на управен спор**

Член 32

(1) Судот ќе ја отфрли тужбата со решение, доколку не се исполнети условите за водење на управен спор, односно доколку утврди дека:

1) тужбата е поднесена ненавремено или предвреме;

2) оспорениот акт, дејствие или управен договор не засега некое право или правен интерес на тужителот;

3) против управниот акт или дејствие кој се оспорува со тужбата можело да се изјави жалба, а истата воопшто не е изјавена или не е навремено изјавена;

4) предвидена е друга судска заштита надвор од управен спор;

5) се работи за управен предмет за кој не може да се води управен спор, актот кој се оспорува не е управен акт или

6) веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа.

(2) Од причините од ставот (1) на овој член, судот ќе ја отфрли тужбата во секој стадиум на постапката.

**Доставување на тужбата**

Член 33

(1) Судот ќе ја достави тужбата со сите докази за одговор до тужениот и заинтересираното лице ако го има.

(2) Судот ќе одреди рок за одговор на тужбата кој не може да биде пократок од осум, ниту подолг од 30 дена, од денот на доставување на тужбата.

(3) Во одговорот на тужбата, тужениот треба да се произнесе по однос на тужбата и наводите во тужбата и е должен во утврдениот рок да ги достави сите списи, кои се однесуваат на предметот.

(4) Одговорот на тужбата со сите предложени докази се доставуваат до тужителот и заинтересираното лице ако го има.

(5) Доколку тужениот или друг орган кој располага со списите, по барањето на судот не ги достави сите списи со предметот во рокот определен од судот или изјави дека не може да ги достави, судот одлучува за предметот без списите.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, кога судот не е во можност да одлучи за предметот без списите, судот со решение изрекува парична казна во износ до 20% од месечната плата на лицето што го донело оспорениот акт односно го презело оспореното дејствие, или на одговорното лице, односно овластеното лице во тужениот, односно во органот кој располага со списите што не се доставени поради неоправдани причини. Против решението дозволена е жалба до Вишиот управен суд, во рок од 15 дена, сметано од денот на доставување на решението до тужениот.

**Наводи во тужбата и одговорот на тужба**

Член 34

Во тужбата и одговорот на тужба, странките изнесуваат факти на кои ги засноваат нивните барања, предлагаат докази за утврдување на тие факти и се произнесуваат во однос на наводите и доказите предложени од другите странки.

**Одлучување по тужбеното барање**

Член 35

(1) Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

(2) На причините за ништовност на управниот акт, судот внимава по службена должност.

(3) Судот одлучува во спорот врз основа на слободна оценка на доказите.

(4) Судот ќе ги земе предвид сите факти утврдени во управната постапка за донесување на оспорениот акт.

(5) Судот може и самиот да утврдува факти за кои смета дека се неопходни за донесување на одлуката.

(6) Странките може да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази на расправа, само ако без своја вина не биле во можност да ги изнесат, односно предложат во тужбата и одговорот на тужбата или во дотогашниот тек на постапката.

(7) Доколку странката без своја вина не е во можност да ги достави доказите, судот може да ги обезбеди истите.

(8) Судот ќе ги изведува доказите во согласност со правилата на доказната постапка во парничната постапка.

**Обврска на јавниот орган за доставување на документи и податоци**

Член 36

(1) На барање на судот, секој јавен орган е должен, согласно закон да ги достави сите документи и податоци со кои располага, а кои се од интерес за решавање на конкретниот предмет, во рокот определен од судот.

(2) Доколку јавниот орган не постапи во согласност со ставот (1) на овој член, судот со решение изрекува парична казна во износ до 20% од месечната плата на овластеното, односно одговорното лице во јавниот орган кое од неоправдани причини не ги доставило документите, односно податоците со кои располага. Против решението дозволена е жалба до Вишиот управен суд, во рок од 15 дена, сметано од денот на доставување на решението до тужениот.

## 8. Расправа

**Закажување на расправа**

Член 37

(1) Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уреденосо овој закон.

(2) Претседателот на советот или судијата поединец ја закажува расправата.

(3) Претседателот на советот или судијата поединец ќе ги повика со покана странките, сведоците и вештаците на расправата.

(4) Во поканата ќе биде истакнато дека пресуда може да биде донесена без присуство на странката на расправата. Поканите мора да бидат доставени до странките најмалку осум дена пред одржување на расправата.

(5) Судот по правило закажува само едно рочиште за расправа заради изведување на докази.

**Одлучување во спорот без расправа**

Член 38

Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само:

1) во случај кога решението на тужениот орган е донесено во согласност со веќе изразено правно сфаќање на судот (модел одлука) согласно одредбите на член 49 од овој закон;

2) доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба;

3) кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка,

4) ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт.

**Јавност на расправата**

Член 39

(1) Расправата пред судот е јавна.

(2) Судот може да ја исклучи јавноста од целата расправа или дел од неа доколку тоа е потребно заради заштита на приватноста, заштита на податоците или други причини утврдени со закон.

(3) Исклучувањето на јавноста се врши со решение.

(4) Против решението од став (3) на овој член не е дозволена посебна жалба.

**Тек на расправата**

Член 40

(1) Претседателот на советот или судијата поединец ќе ја отвори расправата и ќе го објави предметот на расправата.

(2) Претседателот на советот или судијата поединец ќе утврди дали сите поканети се присутни, и ако не се, дали истите биле уредно повикани и дали дале оправдување за нивното отсуство.

(3) Доколку не дојде некоја странка или друг учесник на расправата без за истото да даде оправдување, а уредно е поканет, расправата може да се одржи без нивно присуство.

(4) Претседателот на советот или судијата поединец ја води расправата.

(5) Кога судот ќе утврди дека предметот на спорот е разгледан во доволна мера за да може да донесе одлука, расправата ќе се заклучи и советот ќе се повлече на советување и гласање.

(6) За расправата се води записник.

## Повлекување на тужбата

Член 41

(1) Тужителот може да ја повлече тужбата до донесување на одлука во управниот спор. Повлекувањето на тужбата не може да се отповика.

(2) Во случај кога тужбата е повлечена, судот ќе донесе решение за запирање на постапката.

(3) Против решението од став (2) на овој член е дозволена жалба.

## Донесување на друг управен акт од страна на јавниот орган

Член 42

(1) Ако тужениот за време на судската постапка, донесе друг акт со кој се менува или се става вон сила управниот акт, против кого е поведен управен спор, како и кога во случајот од членот 3 точка 2 од овој закон, дополнително ќе донесе управен акт, тужениот е должен за донесениот акт, истовремено да ги извести судот пред кој е поведен спорот и тужителот. Судот во тој случај ќе го повика тужителот во рок од 15 дена да изјави дали со дополнително донесениот акт е задоволен или останува при тужбата и во кој обем, односно дали тужбата ја проширува и врз новиот акт.

(2) Ако тужителот изјави дека со дополнително донесениот акт е задоволен или ако не даде изјава во рокот од став (1) на овој член, судот ќе донесе решение за запирање на постапката.

(3) Ако тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, судот ќе ја продолжи постапката.

(4) Ако за време на судската постапка првостепениот орган во случаите од членот 3 точка 2 на овој закон, донел управен акт, судот ќе ја запре постапката со решение.

## Претходно прашање

Член 43

(1) Во случај кога одлуката на судот во управен спор зависи од претходно правно прашање, за кое бил надлежен друг суд или јавен орган, а таква одлука не е донесена (претходно прашање), судот може сам да го реши ова прашање, освен кога поинаку не е уредено во законот или може да ја прекине постапката се до конечната одлука по претходното прашање.

(2) Доколку судот сам одлучи за претходното прашање, неговата одлука има правно дејство само во предметот по кој се водел управниот спор.

## Прекинување на постапката поради претходно прашање

Член 44

(1) Судот ќе ја прекине постапката, доколку претходното прашање се однесува на постоење на кривично дело, постоење на брачна заедница или утврдување на татковство, доколку е така утврдено со закон.

(2) Судот ќе ја прекине постапката, доколку за претходното прашање веќе се води постапка пред надлежниот суд односно друг орган.

(3) За прекинување на постапката, од став (2) на овој член судот донесува решение против кое е дозволена жалба. Жалбата се поднесува во рок од три дена од денот на доставување на решението на странките.

**Рок за поведување на постапка пред надлежниот суд односно друг орган за претходното прашање**

Член 45

(1) Кога судот ќе ја прекине постапката поради претходно прашање, со решението за прекин на постапката му наложува на тужителот, во одреден рок да започне постапка пред надлежниот суд односно друг орган и да му приложи доказ за тоа. Рокот започнува да тече од денот на правосилноста на решението од членот 44 став (3) од овој закон.

(2) Доколку тужителот не постапи според т став (1) на овој член, ќе се смета дека ја повлекол тужбата. Во овој случај, судот ќе ја запре постапката со решение. Странката треба да биде предупредена на таа последица во решението за прекин на постапката.

**Продолжување на прекинатата постапка**

Член 46

Постапката која била прекината за да се реши претходното прашање пред надлежниот суд или друг орган, се продолжува кога одлуката за ова прашање ќе стане правосилна.

**Прекин на постапката во други случаи**

Член 47

(1) Судот ќе донесе решение за прекин на постапката и во други случаи утврдено со закон.

(2) За време на прекинот на постапката сите временски рокови за преземање на одредени дејствија ќе престанат да течат и судот нема да презема никакви дејствија.

(3) Судот ќе донесе одлука за продолжување на постапката по барање на странката или по службена должност, веднаш, а најдоцна 15 дена од денот на престанокот на причините за прекин. Временските рокови кои престанале да течат поради прекинот на постапката, повторно ќе почнат да течат од моментот на донесување на одлуката за продолжување на постапката.

**Запирање на постапката**

Член 48

(1) Судот ќе донесе решение за запирање на постапката и ќе реши за настанатите трошоци:

- поради смрт или престанок на тужителот во спорови за права кои не се преносливи на наследниците или правните следбеници или
- ако тужителот ја повлече тужбата пред да биде донесена одлука од судот.

(2) Судот ќе ја достави одлуката за запирање на постапката на сите странки на спорот и на нивните наследници или правни следбеници на тужителот кој починал или престанал да постои, откако истите ќе бидат идентификувани.

(3) Судот ќе постави привремен застапник на наследниците на починатиот тужител, кому ќе му ја достави одлуката за запирање на постапката, доколку смета дека оставинската постапка може да трае долго.

(4) Во случај кога правното лице престане да постои, судот ќе ја достави одлуката за запирање на постапката на другите странки и правните следбеници на тужителот откако ќе бидат утврдени.

(5) Против одлуката за запирање на постапката дозволена е жалба, во рок од три дена од денот на доставувањето на решението.

## 9. Модел постапка

Член 49

(1) Доколку во судот бидат вложени тужби против повеќе од 20 управни акти во кои правата или обврските се засноваат на еднаква или слична фактичка состојба и иста правна основа, судот може по добивањето одговори по тужбите, да спроведе модел постапка врз основа на една од тие тужби, а останатите постапки да ги прекине.

(2) Управниот суд ја спроведува модел постапката согласно начелата на итност и приоритет со задолжително одржување на расправа.

(3) Пред да се донесе решение за прекин на постапката, судот ќе му овозможи на тужителот да се изјасни по аргументите во одговорот по тужбата.

(4) Против решението за прекин на постапката поради спроведување на модел постапка, не е дозволена посебна жалба.

(5) Во предметите, по кои се одлучува во модел постапка, судот одлучува според временски приоритет.

## Одлучување по прекинатите постапки

Член 50

(1) По правосилноста на одлуката донесена во модел постапката, судот без расправа ќе одлучи за прекинатите постапки, доколку тие постапки немаат суштествени разлики од фактичка или правна природа на модел постапката и доколку фактичката состојба е утврдена.

(2) При примена на одредбата од став (1) на овој член, судот може да одлучи по сите тужби со една пресуда доколку ја спои постапката.

## 10. Поднесоци

Член 51

(1) Поднесоците се доставуваат писмено или во електронска форма до приемното одделение на судот.

(2) Поднесоците мора да бидат разбирливи и мора да го содржат сето она што е потребно за да може да се постапи по нив и тоа: означување на судот, име и презиме, занимање и живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице запишани во Централниот регистар на Република Македонија или друг регистар, на нивните законски застапници и полномошници, ако ги имаат, предмет на спорот, содржина и потпис на подносителот.

(3) Ако поднесокот е неразбирлив или не го содржи сето она што е потребно за да може да се постапи по него, судот ќе му укаже на подносителот да го исправи поднесокот во разумен рок што ќе го определи судот. Доколку недостатоците не се отстранат во предвидениот рок и не е можно понатамошно постапување по поднесокот, ќе се смета дека поднесокот не бил поднесен.

(4) Секој електронски испратен поднесок ќе се смета дека е поднесен во судот во оној момент кога ќе биде забележан во серверот за излезни пораки. Судот веднаш ќе издаде потврда за прием на поднесокот.

(5) Доколку судот нема можност да го прочита поднесокот во електронска форма поради технички проблеми, ќе го извести за тоа испраќачот со барање за повторно испраќање на истиот поднесок во соодветен формат или на друг начин во точно определен рок. Ако испраќачот не постапи по известувањето во определениот рок од страна на судот, ќе се смета дека поднесокот не бил поднесен.

## 11. Достава

Член 52

(1) Доставата се врши во согласност со правилата за достава утврдени во Законот за општата управна постапка.

(2) Доставата преку електронски средства ќе се спроведе само на барање или со изречна согласност на странката или друг учесник во постапката. Доставата преку електронските средства ќе се смета за извршена во моментот кога одлуката или друг акт на судот ќе бидат забележани на серверот за дојдовни пораки.

(3) Доставата на овластен претставник и претставник за прием на судски писмена ќе се смета како достава на странка.

## 12. Рокови

### Определување на роковите

Член 53

(1) Ако роковите за постапување на странките не се определени со закон, ги определува судот. Судот ги определува роковите во денови или со точни датуми.

(2) Кога рокот е определен во денови, во рокот не се засметува денот кога доставувањето или соопштувањето е извршено, односно денот во кој паѓа настанот од кога треба да се смета траењето на рокот, туку за почеток на рокот се зема првиот нареден ден.

(3) Неделите, празниците и некој друг ден кога судот не работи не влијаат на започнувањето и траењето на рокот. Ако последниот ден на рокот паѓа на државен празник или во недела или во некој друг ден кога судот не работи, рокот истекнува со истекот на првиот нареден работен ден.

### Враќање во поранешна состојба

Член 54

(1) Ако странката пропушти рочиште или рок за преземање на некое дејствие во постапката и поради тоа го загуби правото на преземање на тоа дејствие, судот на таа странка, на нејзин предлог, ќе и дозволи дополнително да го изврши тоа дејствие (враќање во поранешна состојба), ако оцени дека постојат оправдани причини за пропуштањето.

(2) Предлогот за враќање во поранешна состојба се поднесува до судот кај кого требало да се изврши пропуштеното дејствие, во рок од 15 дена од денот кога престанала причината што го предизвикала пропуштањето, а ако странката дури подоцна дознала за пропуштањето, од денот кога дознала за тоа. Враќање во поранешна состојба не може да се бара по истекот на 90 дена од денот на пропуштањето.

(3) Ако враќањето во поранешна состојба се предлага поради пропуштање на рокот, предлагачот е должен истовремено со поднесувањето на предлогот да го изврши и пропуштеното дејствие.

(4) Судот ќе донесе одлука по предлогот за враќање во поранешна состојба и доколку предлогот биде уважен, постапката ќе биде вратена во онаа состојба која постоела пред пропуштањето и сите одлуки на судот како резултат на пропуштањето ќе бидат укинати.

(5) Судот нема да дозволи враќање во поранешна состојба ако е пропуштен рокот за поднесување на предлог за враќање во поранешната состојба или ако е пропуштено рочиштето определено по повод предлогот за враќање во поранешна состојба.

**Постапување по предлогот за враќање во поранешна состојба**

Член 55

(1) Ненавремените и недозволените предлози за враќање во поранешната состојба, судот ќе ги отфрли со решение.

(2) По предлогот за враќање во поранешна состојба, судот ќе закаже расправа, освен ако фактите врз кои се заснова предлогот се општопознати.

(3) Против решението со кое се усвојува предлогот за враќање во поранешна состојба не е дозволена жалба, освен ако предлогот е усвоен спротивно на членот 54 став (5) од овој закон.

**Должност на судот да ги информира странките за текот на постапката и да им овозможи увид во списите на предметот**

Член 56

(1) Странките имаат право да бидат информирани за текот на постапката, да извршат увид во предметот и да направат препис од секој документ во предметот на нивен трошок, освен записникот за советување и гласање и другите документи обележани со степен на тајност. Нацртите на судските одлуки и подготвителните текстови од работата на судот не се дел од предметот.

(2) Пристапот на странките до предметот може да биде одбиен ако тоа е неопходно за заштита на јавниот интерес, или интересите на странките и други лица. Увидот во предметот мора да биде одобрен од претседателот на советот односно судијата поединец во рок од 3 дена од денот на приемот на барањето. Против решението и во случај на недонесување на решението, странката има право на жалба до Вишиот управен суд.

(3) Пристап до електронскиот предмет може да биде одобрен електронски.

**Одржувањето на редот за време на расправата**

Член 57

(1) Претседателот на советот или судијата поединец се грижи за одржувањето на редот за време на расправата.

(2) Судот може да го опомене, да го казни со парична казна до 500 евра или да го отстрани од расправата секое лице кое учествува во постапката и кое го навредува судот, странката или другите учесници во постапката на расправата, или ја попречува работата или не ги почитува наредбите од претседателот на советот за одржување на редот.

(3) Со парична казна до 500 евра во денарска противвредност, ќе се казни физичко лице (странка, заинтересирано лице, одговорно лице во правно лице), кое го навредува судот, странката или другите учесници во постапката на расправата, или ја попречува работата или не ги почитува наредбите од претседателот на советот за одржување на редот, согласно правилата за заштита на судот, странките и другите учесници на постапката од навредливи изјави и одржување на редот на главната расправа.

## 13. Судски одлуки

### Пресуда

Член 58

(1) Со пресуда судот одлучува за главната работа и за споредните барања.

(2) Пресудата се донесува и се објавува во име на граѓаните на Република Македонија.

(3) Судот ја донесува пресудата врз основа на сопственото убедување и оцената на правните и фактичките прашања.

(4) Пресудата може да биде заснована само на факти и докази за кои на странките им било дадена можност да се произнесат.

(5) Кога одлучува совет од тројца судии, советувањето и гласањето се бележи на посебен записник кој мора да биде потпишан од сите членови на советот и записничарот.

(6) Советот ја донесува пресудата со мнозинство гласови.

(7) Советот се советува и гласа без присуство на странките.

### Одбивање на тужбеното барање

Член 59

(1) Судот, ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спороведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

(2) Судот исто така ќе ја одбие тужбата како неоснована  и кога ќе  најде дека има недостатоци во постапката која претходела на донесувањето на оспорениот акт, но тие не биле од влијание за решавање на предметот на спорот, и во случај кога судот ќе најде дека оспорениот акт бил заснован на закон, но поради други причини, а не од оние што биле наведени во тој акт. Судот ќе ги наведе тие други причини во пресудата.

### Усвојување на тужбеното барање

Член 60

(1) Ако судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

(2) Ако судот најде дека јавниот орган во утврдениот рок не го донел поединечниот акт кој според прописите требало да биде донесен, со пресудата ќе го усвои тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел, и тоа:

- доколку тужениот орган решавал по слободна оценка или

- доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба.

(4) Ако судот најде дека оспорениот управен акт бил донесен од страна на ненадлежен орган, со пресудата ќе го прогласи таквиот акт за ништовен.

(5) Доколку судот го поништи управниот акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на тужениот орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. При тоа тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката.

(6) Кога судот постапува по изјавена тужба против управен акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање пред првостепениот орган согласно став 5, постапувајќи по тужбата должен е самиот да ја реши управната работа, при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

(7) Ако одговорното или овластеното лице, од неоправдани причини, не постапи согласно одредбите на ставот (5) на овој член, судот по предлог на тужителот или по службена должност ќе му изрече парична казна во износ од 20% од месечната плата на тоа лице.

**Одлучување по барање за надомест на штета**
**и враќање на ствари**

Член 61

(1) Судот со пресудата ќе одлучи и за барањето за надомест на штета или за враќање на предмети, во рамките на тужбеното барање.

(2) Доколку одлуката за барањето за надомест на штета или за враќање на предмети од став (1) на овој член бара утврдување на факти, што би значело суштествено пролонгирање на постапката во управниот спор, судот може да го упати тужителот да го остварува своето барање во парнична постапка. При одлучувањето за штета, парничниот суд не може да ја оценува законитоста на управниот акт.

**Содржина на пресудата**

Член 62

(1) Писмено изработената пресуда содржи увод, изрека образложение и поука за правото на изјавување правен лек против пресудата.

(2) Уводот содржи:

1) назначување дека пресудата се изрекува во име на граѓаните на Република Македонија,

2) назив на судот,

3) име и презиме на претседателот и на членовите на советот, односно судијата поединец и записничарот,

4) име и презиме или назив, живеалиште, односно престојувалиште или седиште на странките, на нивните застапници и полномошници,

5) основ на предметот,

6) датум на пресудата.

(3) Изреката ја содржи одлуката на судот по барањата истакнати во тужбата.

(4) Образложението ги содржи барањата на странките и нивните наводи за фактите врз кои се засноваат тие барања, доказите, решителните факти што ги утврдил, а особено прописите врз кои судот ја засновал пресудата и се произнесува по однос на предлозите и приговорите на странките за кои не се произнел за време на постапката. Во образложението судот ги изнесува своите правни насоки за постапување на тужениот орган при повторно решавање на предметот, доколку судот мериторно не го решил предметот и причините за модел одлуката.

(5) Во поуката за правото на изјавување правен лек против пресудата, странката се известува за правото на жалба, судот до кој се поднесува жалбата и за временскиот рок за нејзино поднесување.

(6) Претседателот на советот односно судијата поединец го потпишува изворникот на пресудата.

**Објава на пресудата**

Член 63

(1) Пресудата се објавува на рочиштето на кое е заклучена расправата.

(2) Пресудата ја објавува претседателот на советот односно судијата поединец. Претседателот на советот односно судијата поединец јавно ќе ја прочита изреката (диспозитивот) на пресудата и ќе даде кратко образложение на најважните причини за пресудата.

(3) Доколку се работи за посложени предмети, судот може да го одложи објавувањето не подолго од осум дена од заклучувањето на расправата. Датумот на објавата на пресудата се определува веднаш.

Член 64

(1) Објавената пресуда писмено се изработува во рок од осум дена, а во посложените предмети во рок од 15 дена од денот на објавувањето, а ако не е објавена, од денот на донесувањето.

(2) Пресудата се доставува до сите странки во постапката во заверен препис и се објавува на веб страната на судот согласно закон.

**Правосилност на пресудата**

Член 65

Пресудата која повеќе не може да се побива со жалба станува правосилна.

**Поправање на пресудата**

Член 66

(1) Судот може со решение да ги поправи грешките во имињата, бројките, очигледните грешки во пишувањето и пресметувањето и други очигледни грешки во било кое време од донесувањето на пресудата.

(2) Судот може да донесе решение за исправка на пресудата по службена должност или по барање на странките.

(3) Решението за исправка ќе биде приложено кон оригиналот и заверениот препис од пресудата.

(4) Против решението за исправка дозволена е жалба.

(5) Одредбите од ставовите од (1) до (4) на овој член, соодветно се применуваат и за поправање на решението со кое се одлучува за прашањата кои се однесуваат на постапката или се појавуваат во врска со постапката од членот 67 од овој закон.

**Решение**

Член 67

(1) За прашањата кои се однесуваат на постапката или се појавуваат во врска со постапката, судот одлучува со решение, доколку со овој закон не е поинаку утврдено.

(2) Решението донесено во текот на расправа усно се објавува од претседателот на советот или од судијата поединец.

(3) Кога постапува совет од тројца судии, решението се донесува со мнозинство гласови. Советот се советува и гласа без присуство на странките.

(4) Решението објавено во текот на расправата има правно дејство за странките од моментот на неговата објава. Судот го доставува до странките решението донесено надвор од расправата во писмена или во електронска форма. Решението во писмена или електронска форма има правно дејство од моментот кога е извршена негова уредна достава.

(5) Писмено изработеното решение содржи увод и диспозитив. Решението мора да биде образложено доколку се однесува на одбивање на барање на странка или решавање на спротивставени предлози на странките и во оние случаи кога судот смета дека треба да биде образложено. Ако против решението е дозволена жалба тоа мора да содржи поука за правото на изјавување правен лек.

**Судско порамнување**

Член 68

(1) За време на постапката, странките може да постигнат спогодба пред судот за предметот на постапката.

(2) Спогодба не може да биде постигната за барања кои не се предмет на управниот спор.

(3) Во текот на постапката, судот ќе ги советува странките за можноста да постигнат спогодба и ќе им помага во постигнување на истата. Судското порамнување ќе биде внесено на записник и ќе биде потпишано од странките.

(4) Доколку порамнувањето го опфаќа тужбеното барање во целост, судот ќе донесе решение за запирање на постапката, а доколку опфаќа само дел од тужбеното барање, тогаш судот ќе ја внесе содржината на порамнувањето во изреката на пресудата.

## 14. Правни лекови

### 14.1. Жалба како редовен правен лек

**Жалба против пресуда**

Член 69

(1) Против пресуда на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата.

(2) Навремено изјавена жалба спречува пресудата да стане правосилна во делот што се побива со жалбата.

(3) Жалбата го одлага извршувањето на обжалената пресуда.

(4) Жалбата не е дозволена против пресуда со која поединечниот управен акт е поништен или е прогласен за ништовен и предметот е вратен на повторно постапување на јавниот орган, како ни против пресуда со која судот му наложил на јавниот орган да го донесе поединечниот акт кој не бил донесен во утврдениот рок.

(5) Во жалбата не можат да се изнесуваат нови факти ниту да се предлагаат нови докази, освен ако се однесуваат на суштествени повреди на одредбите на постапката поради кои може да се изјави жалба.

(6) За жалбата против пресудата одлучува Вишиот управен суд како второстепен суд (во натамошниот текст: второстепениот суд).

**Причини поради кои може да се побива пресудата**

Член 70

(1) Пресудата може да се побива со жалба:

- поради суштествена повреда на одредбите на постапката;
- поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и
- поради погрешна примена на материјалното право.

(2) Суштествена повреда на одредбите на постапката постои кога Управниот суд во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон или на друг закон што ја регулира постапката, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда.

(3) Погрешно утврдена фактичка состојба постои кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил, односно кога не го утврдил.

(4) Нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите кои странката без успех ги предложила во текот на постапката.

(5) Погрешна примена на материјалното право постои кога судот не ја применил одредбата на материјалното право што требало да ја примени или кога таквата одредба не ја применил правилно.

**Жалба против решение**

Член 71

(1) Против решение на Управниот суд дозволена е жалба, доколку не е поинаку определено со закон.

(2) Жалбата против решението не го одлага извршувањето на решението.

(3) При решавањето по жалба против решение, второстепениот суд ги применува одредбите од овој закон за одлучување по жалба против пресуда.

**Одрекување од правото на жалба и откажување од жалба**

Член 72

(1) Странката може да се откаже од правото на жалба, од моментот кога е објавена пресудата, или кога пресудата не била објавена, од моментот кога ќе и се достави преписот на пресудата.

(2) До донесувањето на одлуката на второстепениот суд по жалбата, странката може да се откаже од веќе изјавената жалба

(3) Одрекувањето од правото на жалба и откажувањето од поднесената жалба мора да биде изрично и не може да се отповика.

**Содржина на жалбата**

Член 73

Покрај податоците што мора да ги содржи секој поднесок од член 51 став (2) од овој закон, жалбата треба да содржи и:

1) означување на пресудата, односно решението против која се изјавува жалба,

2) изјава дека се побива пресудата, односно решението во целост или во определен дел,

3) образложени причини и основи за жалбата и

4) потпис на подносителот на жалбата.

**Поднесување на жалба**

Член 74

(1) Жалбата се поднесува до Управниот суд.

(2) Жалбата се изјавува во доволен број на примероци за судот и сите странки на постапката.

(3) Одредбите на овој закон што го регулираат поднесувањето на тужба до Управниот суд соодветно ќе се применат и при поднесување на жалба пред второстепениот суд.

**Постапување на Управниот суд по жалбата**

Член 75

(1) Ненавремената, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на Управниот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата во судот.

(2) Жалбата е ненавремена ако е изјавена по истекот на законскиот рок за нејзино поднесување.

(3) Жалбата е недозволена ако ја изјавило лице кое не е овластено за поднесување на жалбата, или лице кое се одрекло или се откажало од жалбата или ако лицето кое ја изјавило жалбата нема правен интерес за поднесување на жалбата.

(4) Против решението на Управниот суд со кој жалбата е отфрлена може да се поднесе жалба.

**Одговор на жалба**

Член 76

(1) Примерок од навремена, целосна и дозволена жалба Управниот суд ќе достави во рок од три дена од денот на приемот на жалбата до спротивната странка, која може во рок од осум дена од приемот на истата, да поднесе до тој суд одговор на жалбата.

(2) Примерок од одговорот на жалба Управниот суд ќе достави во рок од три дена од денот на приемот на одговорот на жалбата до жалителот.

(3) Ненавремено поднесениот одговор на жалба нема да се отфрли туку ќе се достави до второстепениот суд кој ќе го земе предвид, ако тоа е уште можно, односно ако не е одлучувано по жалбата.

**Доставување на жалбата до второстепениот суд**

Член 77

По приемот на одговорот на жалбата или по изминувањето на рокот за одговор на жалбата, судијата поединец или претседателот на советот жалбата и одговорот на жалбата, ако е поднесен, со сите списи ќе ги достави до второстепениот суд најдоцна во рок од осум дена.

### Постапување на второстепениот суд по приемот на жалбата

Член 78

Второстепениот суд со решение ќе ја отфрли ненавремената, неуредната или недозволената жалба, ако тоа било пропуштено од Управниот суд.

### Разгледување на жалбата од второстепениот суд

Член 79

(1) Второстепениот суд, ја испитува првостепената пресуда само во оној дел кој е оспорен со жалбата, во границите на причините наведени во жалбата. Второстепениот суд, внимава по службена должност за причините за ништовност на поединечниот управен акт.

(2) Второстепениот суд, донесува одлуки по жалби на седница на совет без одржување на расправа.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога на седница на советот ќе се утврди дека пресудата против која е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите од постапката, која може да се отстрани, или на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба, а пресудата претходно еднаш била укината, второстепениот суд ќе закаже расправа и мериторно ќе одлучи.

(4) Расправата пред второстепениот суд почнува со извештајот на судија известител, потоа ќе се прочита пресудата или делот од пресудата која се побива со жалбата, жалителот ќе ја образложи жалбата, а спротивната страна одговорот на жалбата.

(5) Одредбите од членовите од 37 до 48 од овој закон, за расправа пред Управниот суд, соодветно се применуваат и на расправата пред второстепениот суд.

### Одлуки на второстепениот суд по жалба

Член 80

(1) Второстепениот суд, со пресуда ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе ја потврди првостепената пресуда кога ќе утврди дека не постојат причини за побивање на пресудата или тие не се од влијание за донесување на поинаква одлука.

(2) Второстепениот суд со решение ќе ја укине првостепената пресуда ако утврди дека постои суштествена повреда на постапката која не може да ја отстрани на расправа и ќе го врати предметот на Управиот суд.

(3) Второстепениот суд со решение ќе ја укине првостепената пресуда поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и предметот ќе му го врати на Управниот суд, освен ако одлучи сам да одржи расправа.

(4) Второстепениот суд со пресуда ќе ја преиначи првостепената пресуда ако смета дека фактичката состојба во првостепената пресуда е правилно утврдена, но Управниот суд погрешно го применил материјалното право врз основа на расправа утврдил поинаква фактичка состојба од утврдената по првостепената пресуда; Управниот суд од утврдените факти извел погрешен заклучок за постоење на други факти врз кој е заснована пресудата и Управниот суд погрешно ги оценил исправите или другите докази, а одлуката на Управниот суд е заснована исклучително на тие докази.

(5) Кога второстепениот суд постапува по изјавена жалба против пресуда која еднаш била укината и вратена на повторно решавање пред првостепениот суд, постапувајќи по жалбата должен е самиот да ја реши управната работа и со пресуда да ја преиначи првостепената пресуда.

(6) Второстепениот суд не може да ја преиначи пресудата на штета на странката која се жалела ако само таа изјавила жалба.

**Содржина на второстепената пресуда**

Член 81

(1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат за содржината на првостепената пресуда, соодветно се применуваат и на содржината на пресудата на второстепениот суд.

(2) Второстепениот суд пресудата ја донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

(3) Во образложението на пресудата, второстепениот суд, ќе ги оцени наводите на жалбата кои имале одлучувачко значење и ќе ги наведе причините поради кои тие биле земени во предвид при донесувањето на одлуката.

(4) Второстепената пресуда до странките се доставува преку Управниот суд.

**14.2. Вонреден правен лек**

**Повторување на постапката**

Член 82

(1) Постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може, по предлог од странката, да се повтори, ако:

1) странката дознае за нови факти или најде или стекне можност да употреби нови докази врз основа на кои за странката можела да биде донесена поповолна одлука, доколку тие факти или докази биле употребени во поранешната постапка;

2) Европскиот суд за човекови права со правосилна пресуда констатирал повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи или донел одлука врз основа на еднострана изјава на државата за признавање на повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи;

3) пресудата е заснована на претходно прашање кое надлежниот суд или друг јавен орган дополнително поинаку го решил во битните точки;

4) судската одлука е резултат на кривично дело сторено од судија или судски службеник;

5) судската одлука е заснована на фалсификувана исправа или во која е заверена невистинита содржина, или одлуката на судот се заснова на лажно сведочење на сведок, вештак или странка;

6) при донесувањето на одлуката учествувал судија кој според закон морал да биде изземен, односно кој со решение на судот бил изземен.

7) на заинтерираното лице не му била дадена можност да учествува во управниот спор.

(2) По предлогот за повторување на постапката решава судот што ја донел одлуката на која се однесува причината за повторување.

(3) Предлогот за повторување на постапката се поднесува до судот што ја донел одлуката во прв степен.

(4) Предлогот за повторување на постапката се поднесува во рок од 30 дена од денот кога странката дознала за причината за повторување, односно во рок од 90 дена од денот на правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права,односно донесувањето на одлуката на Европскиот суд за човекови права. Повторувањето не може да се предложи по основите од став (1) точки 1 и 5 на овој член по истекот на една година од правосилноста на пресудата.

(5) Во предлогот за повторување на постапката мора да се наведе особено:

1) ознака на пресудата или решението донесено во постапката чие повторување се бара,

2) законскиот основ од став (1) на овој член според кој се бара повторување, околностите од кои произлегува дека предлогот е поднесен во законскиот рок и доказите со кои се поткрепуваат наводите на предлагачот.

**Постапување на Управниот суд по барањето за повторување на постапката**

Член 83

(1) Судот без одржување на рочиште со решение ќе го отфрли предлогот за повторување на постапка ако утврди дека предлогот е поднесен од неовластено лице или дека предлогот не е поднесен навремено или дека странката не го направила веројатно постоењето на законскиот основ за повторување.

(2) Доколку судот не го отфрли предлогот според ставот (2) на овој член, истиот ќе го достави до другата странка како и на заинтересираните лица и ќе ги повика во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот, да одговорат на предлогот.

**Пресуда по барањето за повторување на постапката**

Член 84

(1) По предлогот за повторување на постапката судот решава со пресуда по одржано рочиште.

(2) Во пресудата со која се дозволува повторување на постапката ќе се изрече дека се укинува одлуката донесена во поранешната постапка во целост или делумно. Претходните дејствија на постапката на кои не влијаат причините за повторување на постапката нема да се повторуваат. Со пресудата со која се дозволува повторувањето на постапката ќе се реши и за главното барање во управниот спор.

(3) Кога причината за повторување на постапката се однесува исклучиво на постапката пред Вишиот управен суд, претседателот на советот на Управниот суд по одржаното рочиште за расправање за предлогот за повторување на постапката ќе го достави предметот до Вишиот управен суд заради донесување одлука.

**Соодветна примена на одредбите од овој закон во постапка за повторување на постапката**

Член 85

Во постапката за повторување на постапка се примеуваат одредбите од овој закон за постапката по тужба и постапката по жалба, доколку од одредбите на овој закон со кои се уредува повторувањето на постапката, поинаку не е уредено.

## 15. Трошоци на управниот спор

Член 86

(1) Доколку судот во управен спор одлучува за право, обврска или правен интерес, за трошоците на постапката одлучува според одредбите од Законот за парнична постапка.

(2) Странката секогаш ги сноси трошоците кои ги предизвикала по сопствена вина, како и трошоците кои настанале случајно.

(3) Доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

(4) За трошоците од случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, судот одлучува за висината и соодносот на трошоците за секоја од странките.

## 16. Извршување на судски одлуки

Член 87

(1) Пресудата е извршна од моментот на достава на странката , освен кога со пресудата не е утврден друг рок.

(2) Решението е извршно веднаш по неговото објавување или доставување на странката, освен кога е поинаку утврдено со закон.

Член 88

(1) За извршување на пресудата со која судот ја решил управната работа во полна јурисдикција, тужениот е должен во рокот определени во пресудата, да ги преземе дејствијата утврдени, односно наложени во пресудата.

(2) Кога пресудата поништува одреден акт на тужениот без да ја реши управната работа, тужениот ќе постапи во согласност со изреката на пресудата во рок од 30 дена од денот на доставата на пресудата.

(3) Доколку тужениот не постапи во согласност со пресудата во утврдениот рок од ставот (2) на овој член, ниту го почитува правното мислење и упатството на судот, судот изрекува парична казна во износ до 20% од месечната плата на овластеното, односно одговорното лице во јавниот орган.

(4) Извршувањето на пресудата се спроведува согласно прописите од областа на извршувањето.

Член 89

(1) Решенијата се извршуваат од судот кој ги донел.

(2) Извршувањето на парични обврски утврдени во решението се спроведува согласно Законот за извршување.

Член 90

(1) Судот е должен постапката да ја спроведе без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја оневозможи секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката.

(2) Паричните казни утврдени со овој закон ги изрекува Управниот суд.

(3) Надвор од рочиштето за главна расправа казната ја изрекува судија поединец, односно претседателот на советот.

(4) Ако паричната казна изречена со правосилно решение не биде доброволно платена во рокот кој го определил судот, таа присилно се наплатува по предлог на судот согласно закон.

## 17. Преодни и завршни одредби

Член 91

(1) Постапките пред Управниот суд и Вишиот управен суд започнати до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, според Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија, бр. 62/06, и 150/10) продолжуваат според законот по кој започнале.

(2) Против пресуда донесена во управен спор до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се изјави жалба согласно овој закон.

(3) Против правосилна одлука во управен спор донесена до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се бара повторување на постапката согласно овој закон.

Член 92

Со денот на отпочнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за управните спорови (Службен весник на Република Македонија, бр. 62/06 и 150/10).

Член 93

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува една година од денот на влегувањето во сила.